Влада на Република Северна Македонија

- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -

**Архивски број:** 01-3421/19

24-08-2026 **година, Скопје**

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 427/2026, со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција бр.10-1570/14 од 19.08.2026 година од Агенција за администрација, Наш бр.04-3421/18 од 21.08.2026 година, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Северна Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По Јавниот оглас број 427/2026 за вработување на административен службеник во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, на работно место **УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за собирање и анализа на податоци за подготовка на евиденции и извештаи во Одделение за поддршка на директорот, Сектор за поддршка на директорот и логистичка поддршка**, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот:

- **МАЈА РИЗОВА, со идентификациски код 9EEFBA7.**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од претходната точка по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување на административен службеник, негово распоредување и утврдување на висина на плата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Јавниот оглас број 427/2026 за вработување на административен службеник во Службата, објавен на ден 25.06.2026 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", директорот на Агенцијата за администрација со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас Бр.10-1570/7 од 01.07.2026 година, наш број 04-3421/9 од 17.07.2026 година, Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1570/8 од 16.07.2026 година, наш број 04-3421/10 од 17.07.2026 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1570/10 од 12.08.2026 година, наш број 04-

# Влада на Република Северна Македонија

- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -

3421/15 од 21.08.2026 година формираше Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување на ден 16.07.2026 година изврши административна селекција, за што изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник Бр.10-1570/9 од 16.07.2026 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник од спроведениот испит за административен службеник Бр.10-1570/12 од 12.08.2026 година, наш број 04-3421/16 од 21.08.2026 година. На ден 18.08.2026 година спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што сочинет е Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник Бр.10-1570/13 од 18.08.2026 година, наш бр.04-3421/17 од 21.08.2026 година.

По спроведените фази од постапката за селекција за вработување, Агенцијата за администрација до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија достави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по Јавен оглас 427/2026, со бр.10-1570/14 од 19.08.2026 година со наш бр.04-3421/18 од 21.08.2026 година, со кој за работното место УПР0101В04000 Помлад соработник за собирање и анализа на податоци за подготовка на евиденции и извештаи за вработување се предлага именуваниот кандидат, со идентификациски код 9EEFBA7.

Согласно член 45, став (1) од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го во предвид сето претходно изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.**

**Служба за општи и заеднички работи**
**на Влада на Република Северна Македонија**
**ДИРЕКТОР**
**м-р Ивица Томовски**

Подготвил: Виолета Петрушевска
Контролирал/Одобрил: Љупчо Димитровски

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Агенција за администрација;
- Архива;